**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**Сектор за макроекономска политика**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**септември, 2018 година**

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени .... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура .... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација .... 11

Приходи по буџетски корисници ....13

Буџетски расходи според економската класификација ....14

Расходи по буџетски корисници ....15

Буџетско салдо ....17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....17

Плати ....18

Пензии ....19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....20

Депозитен потенцијал ....20

Кредити на банките ....21

Каматни стапки на депозитни банки ....21

Пазар на капитал ....22

Девизни резерви ....22

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2018 година

- Индустриското производство во септември 2018 година забележа раст од 4,5% во споредба со септември 2017 година;

- Потрошувачките цени во септември 2018 година се зголемија за 1,5% во однос на септември 2017 година, исто како и во август 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - септември 2018 година изнесува 1,5%;

- Во периодот јануари – септември 2018 година извозот забележа раст од 14,9%, а увозот од 11,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 1,3%, споредено со истиот период од 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите девет месеци од 2018 година изнесуваа 136.652 милиона денари, односно 20,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,3% во однос на истиот период од 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првите девет месеци од 2018 година изнесуваа 143.660 милиони денари, односно 21,8% од БДП, што е за 1,2% повеќе во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во септември 2018 година се зголемија за 7,9% во споредба со септември 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,6%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во септември 2018 година забележа раст од 4,5% во споредба со септември 2017 година. Растот се должи на позитивните движења во секторот Преработувачка индустрија, каде што производството е зголемено за 3,6% и придонес во растот од 3,0 п.п., а истиот е поддржан со растот во останатите два сектора, и тоа секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 19,2% и придонес од 2,0 п.п. и Рударство и вадење камен од 4,7% и придонес од 0,4 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производство во септември 2018 бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 69,6% во структурата на вкупното производство, што укажува дека раст главно е забележан кај гранките со повисоко учество во структурата. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, во септември најголем придонес е забележан кај производството на моторни возила со раст од 53,8% и придонес во вкупното производство од 2,9 п.п., а висок придонес има и производството на машини и уреди, каде што е забележан раст од 12,9% со придонес од 1,7 п.п.. Производството на прехранбени производи четврти месец по ред бележи раст, кој во септември 2018 година изнесува 8,5%, со што придонесот на оваа гранка во вкупниот раст изнесува 0,9 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во групите: Капитални производи од 14,9% (придонес од 3,2 п.п.), Енергија од 15,5% (придонес од 1,9 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 5,1% (придонес од 1,5 п.п.); додека намалување на производството има кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,1% (придонес од -1,0 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,3% (придонес од 0,0 п.п.).

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во првите девет месеци од 2018 година бележи раст од 5,0%, што во целост се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,8% и придонес од 5,5 п.п., но истиот е ублажен со падот во секторот Рударство и вадење камен од 4,6% и негативен придонес од 0,4 п.п., додека падот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5% има безначителен негативен ефект.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 14 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 55,5% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, раст е забележан кај производство на машини и уреди од 16,3% (придонес од 2,1 п.п.) и производство на прехранбени производи од 2,9% (придонес од 0,3 п.п.), додека пад е забележан единствено кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5% (придонес од 0,0 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 19,9% (придонес од 4,2 п.п.) и истиот е поддржан со растот на производството кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 30,9% (придонес од 0,8 п.п.), како и кај групата Интермедијарни производи, освен енергија од 2,5% (придонес од 0,7 п.п.). Растот е ублажен со падот на производството кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,2% (придонес од -0,4 п.п.) и Енергија од 2,1% (придонес од -0,3%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во септември 2018 година е зголемен за 4,3%. Растот главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 4,7% и е поддржан со растот во секторот Рударство и вадење камен од 2,1%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат

дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 17,2% и Интермедијарни производи, освен енергија од 7,3%; додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 2,0% и Енергија од 0,8%. Бројот на работници во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка е непроменет.

Бројот на работници во периодот јануари - септември 2018 година бележи раст од 6,8%, што главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 7,6%, но и во секторот Рударство и вадење камен од 1,5%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е намален за 0,2%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Во првите девет месеци од 2018 година, раст на бројот на работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 22,2%, Интермедијарни производи, освен енергија од 12,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,2%; додека пад на бројот на работници има кај групите Енергија од 0,7% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во септември 2018 година е поповолна во однос на август 2018 година, како и во однос на септември 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во септември изнесува 68,1%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 68,0%. На годишно ниво, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во септември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 25,5%, недоволната домашна побарувачка со 16,1%, недоволната странска побарувачка со 15,4%, неизвесното економско окружување со 11,3%, финансиските проблеми со 7,9%, недостигот на суровини со 7,8% и конкурентниот увоз со 6,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во септември 2018 година во однос на август 2018 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечно ниво се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2018 година издадени се вкупно 219 одобренија за градење, што претставува годишно намалување од 1,4%. Споредено со август 2018 година, кога биле издадени 192 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 14,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во однос на септември 2017 година е намалена за 42,6%. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите во септември се зголеми за 35,5%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 130 (или 59,3%) се наменети за објекти од високоградба, 24 (или 11,0%) за објекти од нискоградба и 65 (или 29,7%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 219 издадени одобренија за градба, на 149 објекти (или 68,0%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 70 објекти (или 32,0%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Во септември 2018 година предвидена е изградба на 495 станови, со вкупна корисна површина од 43.895 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во септември на месечна основа се зголеми за 73,7%, а во однос на истиот месец од 2017 година се намали за 25,6%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во септември 2018 година се зголемија за 1,5% во однос на септември 2017 година, како и во однос на август 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - септември 2018 година изнесува 1,5%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во септември се зголемија за 0,4% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во септември 2018 година е забележан во категоријата Транспорт од 8,1% следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,0%, Рекреација и култура од 2,7%, Ресторани и хотели од 2,2%, Комуникации од 1,0%,

Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,5%, Здравје од 1,3%, Комуникации од 1,0% и Облека и обувки и Останати стоки и услуги од по 0,7%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во септември 2018 година е регистриран во категориите Образование од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Потрошувачките цени во септември 2018 година се намалени за 0,1% во однос на претходниот месец. Притоа, зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1% и Останати стоки и услуги од 0,2%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 2,1%, Ресторани и хотели и Рекреација и култура од по 0,8%, Образование од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Цените во категориите: Комуникации, Облека и обувки и Здравје останаа непроменети.

Цените на мало во септември 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,6%, а на месечна основа се намалени за 0,7%. Цените на мало во периодот јануари - септември 2018 година се повисоки за 3,0%.

## Берзански цени

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
(*цена во долари/барел; стапка на раст во %*)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2018 година споредено со претходниот месец се зголеми за 7,8% и изнесува 78,9 долари за барел. На годишна основа, цената на нафтата бележи раст од 43,0%. Цената на природниот гас во септември 2018 година во однос на август 2018 година се зголеми за 1,4%.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во септември 2018 година се тргуваше со просечна цена од 12.510 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи намалување на цената од 6,7%. Во однос на септември 2017 година, цената на никелот е повисока за 11,5%. Покрај никелот, намалување на цените во септември 2018 година споредено со претходниот месец бележат и останатите основни метали, освен бакарот, чијашто цена остана непроменета. Така, цената на цинкот се намали за 3,1%, на оловото за 1,5%, на калајот за 1,4%, и на алуминиумот за 1,2%. Цената на железната руда во септември е зголемена за 1,9% на месечна основа.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, цените на среброто и златото во септември споредено со претходниот месец бележат пад од 4,8% и 0,3%, соодветно, додека цената на платината остана непроменета.

Цената на пченицата на светските берзи во септември 2018 година споредено со август 2018 година се намали за 7,1%, а цената на пченката за 4,7%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2018 година изнесува 9.748,4 милиони евра, што претставува раст од 12,9% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари – септември 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 71,3%, што претставува зголемување за 0,9 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - септември 2018 година изнесува 4.230,0 милиони евра и бележи раст од 14,9% (547,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 5,9%.

Вредноста на извезените стоки во септември 2018 година изнесува 530,0 милиони евра и бележи раст од 14,7% (67,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 16,5%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2018 година извозот бележи раст од 17,2% (77,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 2,2%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – септември 2018 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,8% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – септември 2018 година споредено со истиот период од 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 16,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 7,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 82,4% и 10,8% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – септември 2018 година изнесува 5.518,4 милиони евра и бележи раст од 11,4% (564,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 0,4%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во септември 2018 година изнесува 606,0 милиони евра, што претставува раст од 8,0% (44,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се зголемени за 22,5%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2018 година увозот бележи раст од 1,3% (8,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 2,2%.

Табела 2.1 Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX- 2017 | I - IX - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 90,7 | 107,2 | 16,4 | 18,1 |
| Мил. ЕУР | 36,1 | 51,3 | 15,2 | 42,1 |
| Мил.$ | 40,4 | 61,1 | 20,7 | 51,2 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX- 2017 | I - IX - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 760,2 | 763,0 | 2,8 | 0,4 |
| Мил. ЕУР | 323,9 | 396,9 | 73,0 | 22,5 |
| Мил.$ | 361,1 | 472,1 | 111,0 | 30,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX- 2017 | I - IX - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 30,2 | 19,1 | -11,1 | -36,7 |
| Мил. ЕУР | 755,2 | 864,9 | 109,7 | 14,5 |
| Мил.$ | 842,0 | 1.031,1 | 189,1 | 22,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX- 2017 | I - IX - 2018 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,1 | 24,1 | 1,9 | 8,7 |
| Мил. ЕУР | 132,7 | 155,3 | 22,7 | 17,1 |
| Мил.$ | 147,5 | 185,6 | 38,1 | 25,9 |

*)Претходни податоци

[redacted]

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - септември 2018 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,3% односно 16,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во септември 2018 година трговскиот дефицит се намали за 23,4% односно 23,2 милиона евра споредено со септември 2017 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема, индустриски набавки и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари – септември 2018 година, 98,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,5% од трговската размена во периодот јануари – септември 2018 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2017 година претставува зголемување за 0,2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,1% и 83,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,2 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 0,1 п.п. во однос на периодот јануари – септември 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IX - 2017 | | | | | I - IX - 2018 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 3.303,3 | 4.119.869.635 | 61,5940 | 253.759.250.311 | 83,2 | 3.283,9 | 4.592.174.669 | 61,5170 | 282.496.809.123 | 83,2 | 472.305.034 | 11,5 |
| УСД | 1.353,4 | 883.350.251 | 55,4583 | 48.989.103.246 | 16,1 | 1.351,1 | 1.041.376.837 | 51,5263 | 53.658.295.342 | 15,8 | 158.026.586 | 17,9 |
| ГБП | 3,6 | 16.633.553 | 70,6196 | 1.174.654.833 | 0,4 | 4,6 | 21.505.283 | 69,5872 | 1.496.492.461 | 0,4 | 4.871.731 | 29,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.660,3 | | | 303.923.008.391 | 99,2 | 4.639,6 | | | 337.651.596.926 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 4.670,8 | | | 305.174.624.927 | 100,0 | 4.652,2 | | | 339.474.789.834 | 100,0 | | 11,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во првите девет месеци од 2018 година изнесуваа 136.652 милиона денари, односно 20,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,3% во однос на истиот период од 2017 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 81.533 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 6,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 35.221 милион денари, што претставува намалување за 0,9% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 43,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 54.131 милион денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 18.910 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 7,6%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 28,2% споредено со истиот период во 2017 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 12,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 1,9%.

Акцизите се остварени во износ од 18.762 милиона денари (учество од 23,0% во даночните приходи), што претставува зголемување од 9,6%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 53.983 милиони денари, што претставува 66,2% од вкупните даночни приходи во овој период.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 11.558 милиони денари и забележуваат раст од 7,2% на годишна основа, при што 66,7% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 9,1% од приходи од капитал, 6,6% од приходи по основ на договор на дело, 5,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 3,6% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот на добивка во овие девет месеци изнесуваа 11.537 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 25,7% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 27,8%), доплатите по даночни биланси (зголемување од 35,6%) и задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 27,3%).

Приходите од царина се остварени во износ од 4.072 милиона денари и забележаа зголемување од 8,1%. Приходите од други даноци со остварен износ од 383 милиони денари забележаа поголемо остварување за 15,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 41.033 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,6% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 6,4%, а кај придонесите за вработување и придонесите за здравствено осигурување за 6,8%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 9.038 милиони денари и во однос на истиот период од 2017 година забележаа помало остварување од 9,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.673 милиони денари, што е зголемување од 52,1% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.994 милиони денари и се намалени за 40,8% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари – септември 2018 година изнесуваат 129.134 милиони денари, односно 94,4% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 81,3% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 62,3% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до септември достигна 72,2% од годишниот план. Приливот на средства по основ на задолжување во странство во овој период изнесува 30.529 милиони денари, што претставува 23,6% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука, чии приходи изнесуваат 2.382 милиона денари, односно 1,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (83,5%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за здравство оствари приходи во износ од 956 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 49,5% од тој износ претставуваат даночни приходи. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,2% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари – септември 2018 година изнесуваат 50.637 милиони денари и претставуваат 74,5% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 22.192 милиона денари, односно 77,2% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Македонија во првите девет месеци од 2018 година остварила приходи во висина од 1.767 милиони денари, што претставува 75,9% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во првите девет месеци од 2018 година изнесуваа 143.660 милиони денари, односно 21,8% од БДП, што е за 1,2% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 137.064 милиони денари учествуваа со 95,4% и се зголемени за 5,0% во однос на истиот период од 2017 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 19.652 милиона денари што претставува зголемување за 0,1% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 10.043 милиони денари и споредено со истиот период од 2017 година забележаа намалување од 4,8%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 101.402 милиона денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 8,0% споредено со истиот период од 2017 година и истите учествуваа со 70,6% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 74.888 милиони денари, забележаа раст од 7,1% и учествуваа со 52,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 45.424 милиони денари, што е зголемување за 4,9% споредено со истиот период од 2017 година и учествуваат со 31,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,7%, односно забележаа поголема реализација за 12,2%, а се реализирани во износ од 25.458 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.692 милиона денари забележаа зголемување од 4,1%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 12.110 милиони денари што е зголемување од 22,3% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 5.967 милиони денари, што е за 7,2% помалку во споредба со истиот период од 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 2,9%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 9,2%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 6.596 милиони денари со структурно учество од 4,6% во вкупните расходи (1,0% учество во БДП), односно забележаа пониска реализација за 42,8% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 88,3% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – септември 2018 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[1] реализирани се 33.854 милиони денари, што претставува 86,3% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 69,9% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – септември 2018 година потрошени се 23.678 милиони денари, односно 105,3% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 17,6% од вкупните расходи, за што се реализирани 5.962 милиона денари или 68,8% од планираното.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – септември 2018 година реализираше 32.526 милиони денари или 74,6% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (73,2%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 23.797 милиони денари или 75,2% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,9% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 76,6% (6.162 милиона денари) од планираните за 2018 година.

Министерството за образование и наука во периодот јануари – септември 2018 година изврши буџетски средства во износ од 15.864 милиони денари, што е 63,0% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (63,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 10.103 милиони денари или 73,2%

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,7%, за што се потрошени 2.495 милиони денари, односно 71,2% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 12,6% во вкупните расходи) реализирани се 1.999 милиони денари, што претставува 47,8% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во првите девет месеци од 2018 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.088 милиони денари, што претставува 82,2% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 92,5%), за што во анализираниот период се извршени 6.557 милиони денари или 96,7% од планираното.

Во периодот јануари – септември 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 7.643 милиони денари, што претставува 74,1% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 71,4%, за што се потрошени 5.458 милиони денари или 74,8% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,9%, за што се реализирани 1.217 милиони денари или 70,8% од годишниот план.

Министерството за здравство во првите девет месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 4.444 милиони денари, што е 66,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 61,5%, за што во периодот јануари – септември 2018 година потрошени се 2.732 милиона денари или 97,8% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 29,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.290 милиони денари, односно 64,4% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 7,8% во вкупните расходи) изнесува 19,9% односно извршени се 345 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари – септември 2018 година изврши буџетски средства во износ од 4.320 милиони денари, што е 66,3% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 64,4%, за што во првите девет месеци реализирани се 2.781 милион денари, што претставува 73,6% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 20,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 905 милиони денари, односно 52,6% од вкупно предвидените.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – септември 2018 година извршени се средства во износ од 2.261 милион денари, што

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивното реализирање на капиталните проекти.

е 60,7% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат највисоко учество во вкупните расходи со 33,9%, а нивната реализација во првите девет месеци изнесува 72,8%, односно извршени се 765 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 33,5%, а за оваа намена реализирани се 757 милиони денари или 61,9% од планираното. За капитални расходи реализирани се 432 милиона денари, што претставува 45,0% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 19,1% од вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во првите девет месеци од 2018 година реализираше средства во износ од 1.880 милиони денари, што е 31,1% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 68,4%, а нивната реализација во периодот јануари – септември 2018 година изнесува 24,7%, односно извршени се 1.285 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 25,3% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 475 милиони денари.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – септември 2018 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Македонија од 7.008 милиони денари, што претставува 1,07% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 6.657 милиони денари и претставува 1,0% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – септември 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 151.926 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 10,9% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица *(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

Од вкупниот број нововработени, 41,4% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во септември 2018 година 24,1% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во септември 2018 година изнесува 182.593, од кои 92.191 се активни баратели на работа, а 90.402 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,2%.

Најголем дел од невработените лица (66,8%) се градско население, а според половата структура 57,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 57,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,1% се со завршено средно образование, додека 14,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРМ.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во август 2018 година оствари годишен раст од 5,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,6%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (14,2%), Преработувачка индустрија (11,4%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (10,3%). Реалните плати во август забележаа годишен раст од 4,1%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во август 2018 година оствари годишен раст од 5,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (14,7%), Преработувачка индустрија (11,4%) и Земјоделство,

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

шумарство и рибарство (10,9%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,1%.

## Пензии

Во септември 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 313.631 пензионер, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 65 лица. Од вкупниот број пензионери, 64,4% се корисници на старосна пензија, 24,1% се корисници на семејна пензија и 11,4% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОМ.

Просечната пензија во септември 2018 година изнесува 14.423 денари и е за 3,5% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,3%.

Просечната старосна пензија во септември изнесува 15.731 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 13.063 денари, а просечната семејна пензија 11.576 денари. За исплата на пензиите во септември 2018 година се потрошени 4.359,05 милиони денари, што претставува 51,3% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во септември 2018 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,75%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во август 2018 година. Ваквото намалување е резултат на здравите економски основи и стабилните очекувања на економските субјекти, видливи преку поволните движења на девизниот пазар и растот на

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(септември 2018 година)




Извор: НБРМ.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

депозитната база на банките. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во септември 2018 година, примарните пари[4] регистрираа пад од 1,3% на годишна основа, во услови на пад на вкупните ликвидни средства на банките од 8,3% и раст на готовите пари во оптек од 5,2%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 7,5%, како резултат на намалување на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 13,6% и 1,9%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во септември 2018 година регистрираа пад од 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 2,6%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,4%.

Од аспект на валутата, во септември 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,2%, а депозитите во странска валута се намалија за 1,2%.

Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2018 година оствари раст од 11,6% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 13,0% и 9,6%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 14,9%, а депозитите на домаќинствата од 8,4%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,7%, а долгорочните депозити за 15,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2018 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **358.126** | **-0,4%** | **11,6%** |

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5]НБРМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Денари | *212.585* | 0,2% | 13,0% |
| Странска валута | *145.541* | -1,2% | 9,6% |
| Краткорочни | *158.673* | -1,7% | 5,7% |
| Долгорочни | *100.833* | 0,9% | 15,0% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **311.558** | **1,2%** | **7,9%** |
| Денари | *181.201* | 1,2% | 9,4% |
| Странска валута | *130.357* | 1,2% | 5,8% |
| Краткорочни | *57.217* | 1,9% | 10,0% |
| Долгорочни | *235.751* | 1,2 | 9,8% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *15.421* | -1,4% | -17,7% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во септември 2018 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во септември 2018 година кредитите кон претпријатијата се зголемија за 1,7%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,7%. Од аспект на валутата, во септември 2018 година, денарските и девизните кредити регистрираа раст од 1,2% на месечно ниво.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРМ.

На годишна основа, во септември 2018 година вкупните кредити се зголемија за 7,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,1% и на кредитите кон претпријатијата од 5,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 9,4%, а кредитите во странска валута за 5,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,8%, а краткорочните кредити од 10,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во септември 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,46%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРМ.

6,01%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,82%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во септември 2018 година изнесува 1,42% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити останаа непроменети и изнесуваат 1,98%, и 0,78%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во септември 2018 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 3,1% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 40,1%, додека прометот од блок трансакции се намали за 40%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во септември 2018 година изнесуваше 483,5 милиони денари и истиот е зголемен за 58,8% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на септември 2018 година изнесуваше 3.530,08 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,3%, а во однос на истиот месец претходната година за 31,3%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на септември 2018 година изнесуваа 2.709,1 милион евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 10,5 милиони евра, а во однос на септември 2017 година за 437,7 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693